**Уп. бр. 08-97 /2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о., со регистрирано седиште на Потрчева цеста бр. 10, 2250 Птуј, Република Словенија , и семејството Нитсијакос, составено од следните физички лица: г. Константинос Нитсијакос, жител на Грција, со адреса на живеење на Олимпиада, Јанина, Грција, г-а Ангелики Нитсијаку, жител на Грција, со адреса на живеење , Јанина, Грција; и г-а Елени Нитсијаку, жител на Грција, со адреса на живеење, Неа Еритреа, Грција, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 08.07.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о., со регистрирано седиште на Потрчева цеста бр. 10, 2250 Птуј, Република Словенија, и семејството Нитсијакос, составено од следните физички лица, кои заеднички настапуваат како лица со крајна контрола: г. Константинос Нитсијакос, жител на Грција, со адреса на живеење на Олимпиада, Јанина, Грција, г-а Ангелики Нитсијаку, жител на Грција, со адреса на живеење на Јанина, Грција; и г-а Елени Нитсијаку, жител на Грција, со адреса на живеење на, Неа Еритреа, Грција, имат намера да стекнат заедичка контрола над Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес, со регистрирано седиште во Индустриска Зона на Јанина, Родотопи, 45500 Јанина, Грција, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.06.2026 година, а дополнето на 09.06.2026

година, и на 18.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о., со регистрирано седиште на Потрчева цеста бр. 10, 2250 Птуј, Република Словенија , и семејството Нитсијакос, составено од следните физички лица, кои заеднички настапуваат како лица со крајна контрола: г. Константинос Нитсијакос, жител на Грција, со адреса на живеење на Олимпиада, Јанина, Грција, г-а Ангелики Нитсијаку, жител на Грција, со адреса на живеење на Јанина, Грција; и г-а Елени Нитсијаку, жител на Грција, со адреса на живеење на Неа Еритреа, Грција, со која ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о., и Семејството Нитсијакос имат намера да стекнат заедичка контрола над Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес, со регистрирано седиште во Индустриска Зона на Јанина, Родотопи, 45500 Јанина, Грција, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација дополната, и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о** работи со продажба на месо од живина и производи од месо од живина, главно на домашните пазари, користејќи сопствени производствени капацитети. Поголемиот дел од нивните производи се дистрибуираат преку различни канали, вклучувајќи дистрибутери, во различни земји како Косово, Црна Гора, Германија, Швајцарија, Италија, Шведска, Шпанија, Албанија, Велика Британија, Унгарија, Холандија, Ирска, Словачка, Данска, САД, и други пазари, со повремена продажба.

ПЕРУТНИНА ПТУЈ д.о.о е друштво во целосна сопственост на МХП СЕ (MHP SE), друштво основано и постоечко согласно законите на Кипар, со седиште на улица Зинас Кантхер 16-18, Ајиа Триада, 3035 Лимассол, Кипар („МХП“, заедно со сите негови зависни друштва, „МХП групација“).

Производите на МХП се испорачуваат во повеќе од 80 земји ширум светот. Производствениот капацитет на друштвата на МХП обезбедува целосен процес на производството на пилешко. МХП групацијата исто така спроведува активности за преработка на месо. Пилешкото, кое сочинува повеќе од 50% од суровините за колбаси, е една од главните компоненти на МХП месните производи.

Понатаму, МХП групацијата обработува земјиште во Украина (околу 370 илјади хектари), одгледувајќи пченка, сончоглед, пченица, репка, соја и други култури.

Во Европската Економска Област, МХП групацијата е активна во неколку дејности поврзани со месната индустрија, имено производството на пилешко месо и дејности за преработка на месо. Поточно, МХП групацијата делува во секоја од клучните фази на процесите за производство на пилешко месо, односно од производство на житарки и сточна храна до несење на јајца и одгледување на живина, до преработка, производство на кулинарски производи, маркетинг, дистрибуција и продажба (вклучително и преку франшизи).

МХП групацијата има во сопственост едно регистрирано друштво во Северна Македонија: Друштво за трговија на големо со месо и производи од месо ПЕРУТНИНА

ПТУЈ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Столтенбергова бр. 4, ламела б/влез 1-7, лево, Скопје и со регистрирана дејност: 46.320 – Трговија на големо со месо, производи од месо, риба и производи од риба,

МХП групацијата била активна во Република Северна Македонија во 2025 година преку Перутнина Птуј ДООЕЛ, коешто продава месо на големо .

**Семејството Нитсијакос** претставува единствена економска единица составена од г. Константинос Нитсијакос, г-а Ангелики Нитсијаку и г-а Елени Нитсијаку, кои дејствуваат заедно преку следните субјекти под контрола:

- ИСТОС ТОКСОТИС ДРУШТВО ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ , со регистрирано седиште на ул. Мерлин бр. 7, Атина 106 71, Грција;

-ОРИТЕН МЕЛОРИА ДРУШТВО ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ, со регистрирано седиште на ул. Мерлин бр. 7, Атина 106 71, Грција;

-МПЕ МАРИТЕ ДРУШТВО ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ, со регистрирано седиште на ул. Мерлин бр. 7, Атина 106 71, Грција;

-ИСТОС ТОКСОТИС Лтд., со регистрирано седиште на ул. Преспас бр. 2, кат 3, стан 302, Агио Омолгитес, 1082 Никозија, Кипар;

-ОРИТЕН МЕЛОРИА ЛИМИТЕД, со регистрирано седиште на ул. Левантас бр. 19, Меса Геитониа, 4007 Лимасол, Кипар;

-МПЕ МАРИТЕ Лтд., со регистрирано седиште на ул. Продрому бр. 65, кат 7, стан 702, 2062 Никозија, Кипар.

Субјектите под контрола на Семејството Нитсијакос немаат присуство во Северна Македонија и, со исклучок на Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес, немаат остварено било каков приход во Северна Македонија во 2025 година.

Пред трансакцијата **Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес** е во сопственост и е контролирано од Семејството Нитсијакос.

**Тх. Нитсијакос АВЕЕ Птинотрофикес Епихеирисес е** грчка групација за месо и живина активна во целиот синџир за снабдување со живина, вклучувајќи го и одгледувањето на живината, колење и обработка на свежо и замрзнато пилешко месо. Исто така, врши достава на пилиња и несење јајца и е активна во производството на храна за животни (вклучувајќи живина и добиток) како и храна за миленици.

Во Република Северна Македонија во 2025 година, Нитсијакос групацијата дејствувала со широк спектар на производни категории. Примарно била активна. Целната групација не дејствува преку локално регистриран зависен субјект или подружница во Северна Македонија

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 в) і) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со

истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**